Бр./Nr 12-1903/1
05-05-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предмет број 12-2480/1 од 12.09.2025 година оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско вработување на лицето --------------- на работно место наставник по Граѓанско образование во ООУ „-------------------------“ ------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што постапил друг надлежен орган, кој не утврдил неправилности во горенаведената постапка за вработување и утврдил дека истата е спроведена согласно со закон.

Предметот со број 12-2480/1 од 12.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет со број 12-2480/1 од 12.09.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско вработување на лицето ------------------- во ООУ „----------------------“ --------------, вработено на работно место наставник по Граѓанско образование, со договор за вработување на определено време со бр. -----------/-- од 09.09.2025 година.
Во пријавата се наведува дека вработено лице во истото училиште -----------------, под влијание и со помош на директорот на предметното училиште, овозможиле услови за вработување на својата невеста ---------------, на работно место наставник по Граѓанско право во горенаведеното училиште.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во предметот, ДКСК достави барање за доставување на информации до ООУ „-----------------------" во --------------- и Државниот просветен инспекторат (ДПИ).

На ден 21.10.2025 година, во ООУ „------------------------" --------------- ја извести ДКСК дека лицето -------------- е вработено во ООУ „---------------------" ----------- на работно место наставник по Историја и Географија на албански наставен јазик со договор на работа на неопределено време со бр.---------- од 02.09.2002 година. Истиот за учебната година 2025/2026, со Решение број -----------/-- од 09.09.2025 година донесена од страна на директорот, се распоредил на работно место наставник по Историја и Географија со 20 наставни часови.

Врз основа на Согласност број ---------/-- од 03.09.2025 година, издадена од Градоначалникот на Општина -------------- и член 9 став 4 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, одговорното лице на предметното училиште, склучило договор за вработување на определено време со лицето ------------, дипломиран професор по Социологија, со диплома бр.-------- од 01.10.2019 година со 240 ЕКТС, издадена од Државниот Универзитет во Тетово. Истата, согласно член 113 став 1 алинеа 10 и 24 од Законот за основното образование и Нормативот за наставен кадар во основното училиште и кој ги исполнува условите утврдени во член 3 став 1 а во согласност со член 6 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, со Решение број --------------/-- од 09.09.2025 година, од страна на одговорното лице на училиштето се распоредила на работното место наставник по Граѓанско право во ООУ „-------------------" -----------------.

ДПИ ја извести ДКСК дека на ден 02.12.2025 година било извршено вонреден инспекциски надзор во ООУ „----------------------" -------------, при што констатирал дека распоредувањето на работните места на наставниците, стручните соработници и друг административно-технички кадар во училиштето, е извршено согласно член 113 став 1 алинеа 10 од Законот за основното образование и Нормативот за наставен кадар во основното училиште и кој ги исполнува условите утврдени во член 3 став 1, а во согласност со член 6 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што постапил друг надлежен орган, кој не утврдил неправилности во предметната постапката за вработување.

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D., член/anëtar